# УПАТСТВО ЗА СУДИР НА ИНТЕРЕСИ

## I. Цел на упатството

Целта на ова упатство е да им помогне на избраните и именуваните лица, одговорното лице во правниот субјект и лицето кое врши работи од јавен интерес како носители на јавни функции, како и вработените во јавниот сектор, со цел да се уредат правилата за управување со судир на интереси, како и да се спречи злоупотреба на јавните овластувања и должностите на службените лица, преку дефинирање на судирот на интереси, видовите на судир на интереси, преземање превентивни мерки и други активности за спречување на неговото пријавување.

## II. Судир на интереси како состојба

Судирот на интереси како состојба претставува судир меѓу јавната должност и приватниот интерес на службеното лице кој влијае или може да влијае врз непристрасното извршување на неговите јавни овластувања или службени должности. Судир на интереси може да настане како поради избегнување на лични загуби, така и поради стекнување на лична корист – материјална или нематеријална. Во таква ситуација, приватниот интерес на поединецот (службеното лице) во одредени ситуации може да доминира и да преовладува над јавниот интерес и ова може да доведе до влијание врз носењето одлуки и извршувањето на јавните овластувања и должности.

### 1. Облици на судир на интереси - како ситуации

а) *Вистински судир на интереси* вклучува директен судир помеѓу тековните обврски и одговорностите на службеното лице и неговите постојни приватни интереси.

| |
|---|
| Пример на вистински судир на интерес:<br>Службеното лице, како директор на училиште, склучило договор за вработување со свој роднина. На тој начин ги користел своите овластувања и должности и одлучувал во интерес на блиска личност, ставајќи го интересот на блиската личност пред јавниот интерес. |

б) *Привиден судир на интереси* се однесува на ситуација каде што постои личен интерес, којшто разумно од страна на другите, би можело да го сметаат дека влијае на извршувањето на должностите на службеното лице, иако всушност не мора да постои такво несоодветно влијание или пак воопшто нема влијание.

Пример на привиден судир на интереси:
Службеното лице ги оценува апликациите што пристигнале за тендерот. Еден од потенцијалните апликанти е вработен кај негов роднина. Иако службеното лице верува дека може да донесе непристрасна одлука во најдобар интерес за канцеларијата/институцијата, истата може да се смета дека е донесена во негов сопствен интерес, односно во интерес на блиското лице.

в) *Потенцијален судир на интереси* постои кога службеното лице има приватен интерес што би можел да биде во судир со неговата службена должност во иднина.

Пример на потенцијален судир на интерес:
Службеното лице работи во институција која финансира и приватни фирми. Еден негов роднина има приватна фирма и може да аплицира за финансии од оваа јавна институција.
Службеното лице треба да биде свесно за потенцијалниот судир на интереси кој може да прерасне во реален (де факто) судир на интереси, во моментот кога приватната компанија ќе аплицира и службеникот ќе учествува во постапката за одлучување за финансирање на оваа компанија.

Со оглед на тоа што судирот на интереси секогаш се карактеризира со висок степен на ризик од корупција, службеното лице, со висок степен на професионална внимателност во своето работење, треба да ги преземе сите мерки за превенција. Службените лица мора јасно и недвосмислено да го отфрлат или ограничат влијанието на приватниот интерес во извршувањето на службените должности и учеството во процесот на донесување одлуки. Во случаи кога тоа не е можно, службените лица мора да се изземат од учеството во процесот на донесување одлуки, а по потреба да се изземат и од дополнителни постапувања, функции и активности во тој процес.

Во случај на сомневање за постоење на судир на интереси, службеникот треба да го извести својот претпоставен и/или да побара мислење од ДКСК. Волјата за спречување и решавање на судир на интереси, исто така, треба да потекнува и да биде иницирана

со силна, јасна и видлива поддршка и посветеност од страна на раководството на институцијата.

## 2. Форми каде што се јавува судир на интереси

### Судир на интереси како состојба

### Непотизам

- Забрана на влијание за вработување блиски роднини,
- Неспоивост на функции, активности и поседување акционерски права,
- Забрана за вршење на други дејности
- Забрана за членство во управни и надзорни органи
- Забрана за стекнување акционерски права,

### Ограничување за вршење дејност

- Ограничување за вршење дејност при вршење на јавна функција
- Ограничување за вршење дејност по престанокот на функцијата (pantoflage – пантофлажа),
- Ограничувања во соработката со правни лица,
- Забрана за злоупотреба на службени податоци
- Забрана за користење на заеми и други видови поддршка од државата
- Ограничување на располагањето со државен имот
- Забрана за влијание врз постапките за јавните набавки и одговорност за економично користење на државни средства.

## III. Законска рамка за судир на интереси

Основа за подготовка на внатрешни акти за постапување со судир на интереси во јавниот сектор се важечките законски одредби, одредбите од подзаконски акти и етичките кодекси.

Некои акти каде што се дефинирани одредби за судир на интереси и некомпатибилност:

- Устав на Република Северна Македонија;
- Закон за спречување на корупцијата и судирот на интереси;
- Закон за Собранието на Република Северна Македонија;
- Закон за јавните службеници;
- Закон за административни службеници;
- Закон за јавни набавки и други материјални/процесни правни акти;

- Закон за судови;
- Закон за кривична постапка;
- Закон за адвокатура
- Закон за локална самоуправа
- Кодексите на однесување на пратениците, членовите на Владата, судиите, обвинителите, административните службеници, советниците од локалната самоуправа, итн.

Секоја институција е должна да утврди усогласеност со материјалните закони во рамки на сопствената надлежност, како и со подзаконските акти и другите прописи и обврски во однос на судирот на интереси, неспоивоста, ограничувањата за вршење дејност, дополнителни активности и други слични прашања за да ги идентификува правилата, ограничувањата и обврските и да ги состави сите во внатрешен акт. Доколку нема такви законски одредби во материјалните закони во тој случај важат одредбите од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси.

## IV. Механизми за идентификување на судир на интереси, превенирање и понатамошни чекори и постапки за управување со судир на интереси

Судирот на интереси сам по себе не е корупција. Тој може да доведе до корупција ако се прикрие и доколку службеното лице го стави приватниот пред јавниот интерес во своето постапување. За да се овозможи ефикасно управување со судирот на интереси, секој државен орган и институција од јавниот сектор треба да имплементира механизми за идентификација на судирот на интереси, согласно насоките утврдени во законската регулатива, со цел превенирање и преземање на идни чекори и постапки за управување со судирот на интереси со вклученост на надлежните тела.

Во оваа насока се препорачува институциите да усвојат:

- Интерна методологија која се однесува на судир на интереси,
- Листа за самооценување за службеници,
- Листа за проверка на судир на интереси.

Друг начин да се идентификува судирот на интереси е со помош на *црвени знамиња – индикатори.*

Појавата на индикаторите треба да ги предупреди раководителите и лицето за интегритет: тие треба да ги преземат неопходните мерки за да го потврдат или негираат постоењето на ризик од судир на интереси. Во секој случај, постоењето на црвено знаме не значи дека се случила измама или дека може да се случи, но значи дека ситуацијата мора да се провери и да се следи.

## V. Постапка за утврдување судир на интереси според Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси

Прикривањето на постоење судир на интереси од страна на службеното лице претставува повреда на должноста и основа за покренување постапка за утврдување на одговорност и изрекување на мерки, согласно законската регулатива на РСМ. Надлежно тело за иницирање и водење на постапката е ДКСК.

Постапката се поведува:

- По службена должност
- По барање на друго службено лице
- По пријава на друго лице
- По барање на раководно лице каде службеното лице ја врши службената должност
- По анонимна пријава

За утврдување на фактичката состојба и констатирање за постоење на судир на интереси, ДКСК прибира документи, податоци и информации од повеќе субјекти кои се должни истите да ги достават. При констатација и утврдување на постоење на судир на интереси, ДКСК ги има на располагање следните механизми:

- Барање за поведување на дисциплинска постапка
- Иницијатива за разрешување/престанок на вршење на јавни овластувања или должности
- Изразување мерка јавна опомена за службено лице избрано на непосредни избори
- Издавање опомена за поништување на правни акти кои се потпишани во судир на интереси и
- Изрекување прекршочни санкции – глоби.

## VI. Ова упатство ќе се објави на веб-страницата на Министерството за животна средина и просторно планирање.

Број 12-6480/1

26. 08. 2022 година

МИНИСТЕР

Naser Nuredini

Република Северна Македонија Министерство за животна средина и просторно планирање Скопје